Чл. 41. Смртните казни се извршуваат од месната тајна казнена полиција или од тајни пратеници на ЦК. Тие се вршат со претходна дозвола на Централниот комитет. Исклучок се прави за докажаните шпиони и предавници кои можат да бидат убиени само по решение на месните комитети.

### Глава IX

### Вооружување

Чл. 42. Секој член треба да биде снабден со пушка, а таму каде што е тоа можно — и со револвер и кама.

Чл. 43. За крупни набавки на оружје се грижат Централниот, окружниот и месните комитети, а за купување оружје на мало е должен да се грижи секој член на организацијата.

Чл. 44. Секој член треба да има готови алишта, опинци, пексимит, памук, преврски за рани и др(уго) што му се пропишани од старешините.

### Глава X

### Материјални сресства на комитетот

Чл. 45. За задоволување на потребните расходи на Комитетот а главно за вооружување на работниците, комитетот набавува средства: 1) од редовните месечни влогови на членовите, одредени според нивната (материјална) состојба и 2) од прилозите што се даваат доброволно или се наложени.

Забелешка: Доброволни помошти се тие што се даваат како од членовите, така и од луѓе што не се решаваат да станат работници, но симпатизираат и сакаат да му помогнат на делото, та даваат извесни суми. Наложените помошти се земаат со застрашување или со сила од луѓе што можат, но не сакаат да помогнат.

Чл. 46. Како за едните така и за другите помошти им се даваат на дарителите признанници со број и со печат на ЦМОРК.

Забелешка: Прво се собираат помоштите од оние што сакаат да помогнат, а кога ќе стане потреба и од друга помош, се пристапува кон нејзиното собирање со претходно одобрение на ЦМОР Комитет.

Чл. 47. Сумите како за едните така и за другите помошти се определуваат од месните комитети со огласност на ЦМОР Комитет.

Забелешка: При собирање на наложените помошти од еден од казнената полиција или од друг член се поднесува заплашително писмо со чек, кој го носи печатот на ЦМОРК, и кога ќе ги брои парите, му се дава признаница на дадената сума.

Чл. 48. Секој комитет задолжително го испраќа во благајната на ЦМОР Комитет третиот дел од собраните пари заедно со сметките; тие се должни да внесуваат во касата на Централниот комитет еднообразно (взаемнообразно) и останатиот дел од парите кога ќе им се побараат.

*Б. Панов*

## БОГОМИЛСКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Богомилското учење спаѓа во редот на средновековните еретички движења преку кое македонскиот народ, во чија што земја тоа се појавило, ја изразувал својата класна и ослободителна борба, почнувајќи од X век и во тек на повеќе векови. Од Македонија, богомилството, како антифеудално народно движење, се проширило особено во XII—XIII век и во областите на Бугарија, Србија, Босна, Албанија, Византија, продирајќи дури во Северна Италија и Јужна Франција.

По својата суштина богомилството било социјално движење и било насочено против економското и политичко господство на феудалната класа. Преку него се изразувале настроенијата, стремежите и мислите на потчинетото селанство, а и на градската беднотија. По форма пак, богомилското учење било ерес, зашто се отклонувало од официјалната христијанска црква, од учењето кое го проповедувале свештениците. Црквата како орудие на државата играла главна улога во средниот век кога било во прашање бранење на господаречките феудални општествени односи. Тоа таа го чинела зашто била и самата крупен феудален сопственик, под нејзина власт се наоѓале опширни површини земја, а и голем број феудално-зависно население. Од приходите на црковната феудална земја пред се се ползувале „божјите мажи", т. е. свештениците со повисоки чинови. Освен тоа црквата била распространувач на определена идеологија, на такви погледи, со кои се оправдувале феудалните односи, кога притоа им се придавал карактер на светост и богоугодност.

Поради таквата улога на црквата, нападите на богомилите против економското и политичко господство на феудалната класа требало да се пројават во вид на религиозни погледи, спротивни на погледите од црквата, Само по таков начин можеле да се разобличат лажните проповеди на свештениците, да се подложат на критика општествените односи. Затоа религиозната форма била неопходна форма преку која се изразувале социјално-политичките стремежи на недоволните од феудалниот поредок.

Да се појави богомилското учење во Македонија влијаеле повеќе причини. Како една од главните причини била таа што по словенската колонизација во Македонија, македонските словенски племиња морале да водат жестоки борби со моќната Византиска империја, од една страна, а и со новоформираната бугарска држава во VII век, од друга страна. Резултатот од овие борби бил тој што бил укочен процесот на македонските Словени да си создадат своја словенска држава се таму до втората половина на X век кога била најпосле создадена на чело со Самуил. До почетокот на IX век македонските Словени биле повремено натерувани да и се потчинуваат на византиската врховна власт. Во текот на IX и во почетокот на X век македонските области биле постепено завладувани од страна на бугарската држава. На тој начин до средината на X век, кога се појавило богомилството, еден поголем дел од Македонија до самата околина на Солун бил владеен од бугарската држава, додека помал дел заедно со градот Солун се наоѓал под власта на Византија. Што значи во политички поглед Македонија се наоѓала под бугарско-византиско господство. Тоа е причината зошто богомилството се претворило од религиозно во чисто народно движење, придобивајќи наедно карактер на ослободително движење.

Друга една главна причина за да стане Македонија почва на зародување и центар на богомилското движење, била таа што во време на византискобугарското господство зел силен замав феудалниот процес. Како резултат на тоа голем број слободни селски општини биле разложени за сметка на зајакнувањето на феудалниот поредок. Со тоа маса селани биле останати без својата земја, без таа на општините (шуми, ливади, пасишта и слично) од кои сите заеднички се ползувале. Овие општински земји станувале сопственост на феудални господари (световни и духовни). Селаните пак како обработувачи на овие земји често пати не биле исфрлувани од земјата, на која дотогаш живееле, туку напротив претворени од слободни во феудално зависни луѓе,

биле терани да работат за феудалните господари. Оттука, тешката феудална експлоатација исто така влијаела селанството, а и градската беднотија и робовите, кои ги имало во овој период во помал број да го прифатат богомилското учење за свое зашто преку него тие можеле да ја изразат својата класна борба, односно борбата против феудалците, кои им наметнувале да извршуваат тешки обврски за нив самите, а и за државата, зашто последната ги штитела исто нивните интереси. Затоа богомилското движење освен ослободително придобило и антифеудален карактер.

Од расположивите изворни податоци се гледа дека богомилското движење за прв пат се појавило во Македонија во време, кога на чело на бугарската држава стоел царот Петар (927—969 г.), макар што предзнаците за него ги имало и порано. Од ова време не се сочувани никакви документи, напишани од самите „еретици" — богомили, иако изворите напишани од други не ретко говорат за постоење на богомилски книги. Оттука, богомилското учење е познато главно по делата на смртните непријатели на богомилите, од органите на православната христијанска црква.

Од X век е зачуван таков еден паметник. Тој му припаѓа на перото на еден од служителите на бугарската црква-презвитерот Козма, кој подробно ги изложил не само религиозните туку и социјалните погледи на богомилското учење, а исто така и земјата во која тоа изникнало. Овој паметник односно „Словото на Презвитер Козма против богомилите" — требало да служи со цел да се оповргне богомилското учење.

Во својата беседа против богомилите Козма не запознава дека прв распостранител и учител на богомилството бил попот Богомил. Во врска со тоа тој вели:

„Се случи во годините на правоверниот цар Петар во бугарската земја (т. е. во потчинетата Македонија, б. м.) да се појави поп на име Богомил, а поточно кажано Богонемил, којшто прв почна да проповедува ерес. . . и за чијашто заблуда понатаму ќе раскажам".

Дека богомилското учење се појавило за прв пат во X век во Македонија, сведочат и кратките сведоштва од Житието на Климент Охридски, што го напишал охридскиот архиепископ Теофилакт. Од овие сведоштва се дознава дека по смртта на Климента (916 год.) се поттикнувал Климент како светец да ја избрка лошата ерес од Македонија, која се распространувала меѓу народот.

Исто така и соработникот на Климент во Македонија — Наум, кој дејствувал за сметка на бугарската држава, по неговата смрт (910 г.) бил претставен како светец-борец кој се борел против богомилите. На една стара икона во Охридската црква „Св. Богородица" тој е изобразен во една планинска местност прееледуван од богомилите.

И некои топономистички податоци зборуваат дека зародишот и центарот на богомилското движење била територијата на Македонија. Така, називите на селата Богомила, Калугерци, Богослов и др., сведочат дека во Македонија било силно распространето богомилското движење. За попот Богомил, како учител на богомилското учење е сочувана дури и една легенда меѓу населението во Бабуна планина, по која планина богомилите уште ги викале „Бабуни", потоа во селата Голем и Мал Сланик, Богомила, Нежилово и др. Од оваа легенда се дознава дека родното место на попот Богомил било селото Богомила и дека неговиот гроб се наоѓал до самото село. Таму бил

изграден малечок параклис, којшто според преданието им служел на богомилите како молитвен дом. Освен тоа, зборува преданието, богомилите се собирале на молитвени собранија во пештерата до селото Нежилово.

Иако овие легендарни податоци не можат да се потврдат со пишани извори, сепак говорат за тоа дека богомилството било создадено во овие области и дека тука треба да се бара неговиот центар.

Називот на богомилското учење дошол по двоен пат. Таквото име се наложило од една страна поради фактот, што Богомил се викал главниот проповедник и првоучител на ереста, а истовремено и заради убеденоста на еретиците, дека тие му се најблиски и скапи на небето, т. е. дека му се „мили на бога”. Значи, по еден двоен пат називот „богомили” се затврдил и се запазил во продолжение на повеќе векови.

Појавата на богомилското движење во Македонија и претворувањето на истото во масовно народно движење, управено против феудалното и политичко господство на бугарската држава, го натерало бугарскиот владетел-царот Петар да побара помош и од моќната Византиска империја, зашто и таа била заинтересирана да се уништи ова еретичко движење уште во самиот негов почеток. Бидејќи богомилите се бореле против постојниот општествен поредок под форма на религиозна борба, царот Петар побарал совети и помош од самиот цариградски патријарх Теофилакт. Патријархот се сложил да го помогне царот Петар во борбата против богомилите. Од едно писмо, испратено до царот Петар, се гледа како цариградскиот патријарх го советувал како да постапи во борбата против „еретиците“. Ова писмо е запазено. Меѓу другото еве што му советувал патријархот на бугарскиот цар:

„Бидејќи тебе ти беше одговорено веќе за новојавената ерес по прашањата, тоа и сега откако разбравме поопширно за проклетото учење, ти пишуваме повторно појасно и подолго, како што ти ни побара, а пишуваме со јасен слог, изнесувајќи голи факти со прости зборови како што посака.

Сите таквите (богомили) да се разделат од власта на три класи, зашто не е ниту убаво ниту справедливо оние што се повлекле поради простотата и незнаењето и оние што ги учат да се подложуваат на еднакви казни; но првите од нив и учителот на туѓите за црквите учења, ако го отфрлат и проколнат своето сопствено нечестие, согласно со 19-то Никејско правило, да се прекрстат. зашто нивното нечестие е манихејството смешано со павликианството. Другите пак од нив што биле заблудени поради својата простота и незнаење неможејќи да ги разберат точно догмите но сепак се покориле и ја примиле ереста, а бидејќи се крстени од православни тие да не се прекрстуваат туку да се потчинуваат со светото миро. А свештениците пак од нив, што ја преколниле јавно ереста и се потпишале, треба да бидат примени.

Оние пак од третата класа кои ниту учеле други, ниту сами учеле. . ., а поради незнаење им се придружиле, или иако поминале со нив некое време и откако го чуле и разбрале учењето се тргнале и се оддалечиле од нив-сите тие да бидат примени по четиримесечно одделување.

А оние пак кои (продолжуваат да) остануваат во злото и да боледуваат од нераскајување црквата божја кога ги отсекува како гнили и штетни членови, ги предава на постојано судење и ги фрла на проклетство. Граѓанските пак закони. . . предвидуваат смрт за нив. . .”.

За строгите мерки на бугарската државна власт преземани против богомилите, соопштува и Презвитер Козма во својата беседа. Тој наведува дека, еретиците-богомили „страдале со илјади". Тој податок од Козма исто така зборува дека бројот на приврзаниците на богомилското движење бил стварно многу голем. Богомилите според други податоци од Козма, проникнувале како проповедници по куќите на луѓето за да ги убедуваат во правата на своите разбирања. Во врска со тоа Козма ги предупредувал верниците со следните зборови:

„Ако им верувате или ги примите со љубов во својот дом-или им создавате некоја радост, ете ви претскажав: со нив заедно ќе бидете осудени на вечни маки."

Со цел да дејствуваат и самите членови на одделните семејства против нивните членови, кои го прифатиле богомилството, Козма ги советувал на овој начин да се справуваат со нив:

„Ако отиде при еретиците татко ти, мајка ти, брат ти или синот ти и ако не те послуша, откако ќе го посоветуваш еднаш или двапати (да се откаже од нив), отстрани го. . .".

Најголемо мнозинство во богомилското движење го сочинувале селаните. Да пристапи селанството масовно на страната на богомилите, била причина како што истакнавме тешката феудална експлоатација. Борејќи се против своите феудални господари, а и против државата која ги штитела, селаните преку богомилството очекувале излез од таа борба. Таквата класна и ослободителна борба на богомилите морал да ја изнесе на видело и Козма во својата беседа. Во врска со тоа тој вели:

„. . .Еретиците ги учат своите да не се потчинуваат на своите господари. . . мислат дека се омразени на бога тие, коишто работат на царот и му заповедуваат на секој роб да не работи на својот господар".

Тие „свои", коишто биле терани да не работат на своите феудални господари и да не му се потчинуваат на царот (бугарски), биле имено селаните, за кои ангариите и другите давачки, кои ги исполнувале за државата и феудалците биле тешка обврска, поради што еретичката (богомилска) агитација била особено привлечна сила.

Покрај селаните, од наведените податоци на Козма, се дознава дека и робовите биле приврзаници на богомилското учење и движење. Со оглед на фактот дека робовите во средновековна Македонија биле во помал број, за разлика од времето на робовладетелскиот поредок, тие не претставувале основна социјална база на богомилското движење.

Заради антифеудалниот и антидржавен карактер на богомилското движење, бугарската држава масовно ги преследувала богомилите. Козма настојувал „еретиците да бидат осудувани на двојна казна" бидејќи освен против црковните догми, се бореле и против своите домашни феудални господари, кои се ставиле во служба на поробувачите и против туѓите-бугарски феудалци, а и самиот цар.

Строгите мерки на бугарската држава требало да се спроведуваат во дело поради фактот, што проповедите на македонските богомили не се ограничувале само на разобличување на постојните поредоци, туку тие го повикувале народот на борба против тие поредоци, односно против феудалното и политичко господство, кога дејствувале лично против царот. Изразувајќи

ги интересите на народните маси, кои претрпеле големи маки во време на војните, богомилите еднодушно истапувале против крвопролевањата и истребителните походи, што ги преземала бугарската држава во потчинетата Македонија.

Со цел да ги оправдаат своите социјални погледи, насочени против експлоататорското феудално општество, во кое сите материјални блага се одземале од државата, црквата и феудалците, богомилите учеле дека сиот видлив свет со неговите закони и поредоци не бил создаден од бога, дека тој, напротив, се јавува како рожба на ѓаволот. Тој нивен аскетизам служел како моќно орудие за агитација, зашто народните маси виделе, дека за разлика од служителите на официјалната црква, т. е. свештениците, кај богомилите не се разидувале зборовите и делата, туку напротив скромноста на богомилите била силно прифатена како осуда на раскошноста, која била олицетворена во лицето на царот, свештениците и световните феудалци. Притоа, царот бил напаѓан заедно со другите управници, свештениците и феудалните господари воопшто, зашто му служеле на ѓаволот. Богомилите го повикувале населението да се откажува од сите радости и задоволства, зашто тоа било плод на ѓаволот.

Со цел да го одврати населението да им се придружува на богомилите, презвитерот Козма настојувал да внесе заблуда и страв меѓу верниците: „Но о христољубиви народе, вели Козма, никој од вас да не им биде другар (на еретиците): Христови непријатели ќе бидете. Трудете се во читањето на своите книги, за да не влезете во бесконечните маки. Зашто многу лаги и неправди никнаа на земјава, коишто не можат да ги избегнат оние што живеат во ленивост. Што зборуваат еретиците, дека Бог не го создал небето, ни земјата, ниту се што е видливо. ...А за крстот господен велат: Како да му се клањаме? Евреите го распнаа на него синот божји, та поради тоа му е непријатен повеќе крстот на Бога. И заради тоа ги учат своите да го мразат (крстот)... Мнозина пак не знаат каква е нивната ерес и ги сметаат за луѓе што страдаат за правда и што ќе добијат од бога некоја награда за синџирите и затворот...".

Од овие податоци што ни ги оставил Козма, се гледа дека доста решително истапувале богомилите против учењето на хирстијанската црква. Вестите од подоцнежни византиски извори зборуваат дека богомилите го отфрлувале Стариот завет, сите обреди на христијанската црква, не ги признавале самите цркви и манастири, богослужбата во нив, иконите, крстовите, а исто така и правата на свештениците да владеат со богати имоти и зависни селани. Водејќи се од своите дуалистички погледи, богомилите стоеле на гледиште дека треба да се исполнува само тоа што претпишувало евангелието. Тие сметале дека духовенството е непотребно. Во својата критика против официјалната црква, богомилите се раководеле не само од религиозни аргументи, туку и со логични и разумни гледишта. Тоа сведочи за нивната приврзеност кон народот. Нападите на богомилите, на тој начин, ги засегнувале не само теоретско-идејните основи на црквата, но и нејзините материјални интереси.

Преку проповедање на принципи на равенство меѓу луѓето, демократизам и слично, богомилите оделе кон тоа да се вратат и да ја прифатат некогашната ранохристијанска општина за свој идеал. Преку изградување на

религиозни општини, кои требало во главни линии да се доближат до ранохристијанските општини, опишани во Новиот завет, богомилите се стремеле да се уништи социјалната противречност, т. е. да нема „мое" и „твое", туку сите луѓе да бидат рамни помеѓу себе.

Се разбира дека воскреснувањето на ранохристијанската општина во една нова форма, изградувана од богомилите, претставувало само по себе една неостварлива желба. Тоа било стремеж не за едно движење на општеството напред, преку создавање на нови и понапредни социјално-економски односи, туку за враќање на општеството назад кон далечното минато, кога владееле условите на еден идеализиран општински поредок. И покрај таквата назадност во учењето на богомилството, тоа сепак одиграло со својата идеологија важна улога во сознанието на народните маси. Со острата критика против феудалната класа, богомилите ја прифатиле класната борба, подбутнувајќи ги потиснатите народни маси кон спротивсатвување, не оставајќи ги притоа да бидат мирни гледачи на гнетот и насилствата. Со самото разобличување на лажните обреди на црквата, богомилите исто така ги разобличувале и подложувале на осуда христијанските догми што ги употребувала црквата. Поради сите овие причини богомилството не можело да биде искоренето, туку било прифаќано во продолжение на повеќе векови не само од обесправеното македонско население, туку и од тоа кое стенкало под феудална зависност во Бугарија, Србија, Босна, Византија, Италија, Франција и др. земји.

Во зависност од временските и конкретните прилики и услови, богомилството го менувало и својот карактер. Така, од втората половина на X па се таму до почетокот на XI век кога во Македонија дошло до формирањето и јакнењето на независноста држава на македонските Словени, богомилското учење придобило антивизантиски карактер. Од расположливите податоци не се гледа дека царот Самуил ги преследувал богомилите. Напротив податоците зборуваат дека тој и неговите следбеници биле во еден вид сојузништво со богомилите зашто борбата за политичка независност им била заедничка. Сето ова значи пак дека борбата на богомилството во овој период имала антивизантиски карактер.

Ваков карактер имало богомилското движење и во епохата на византиското господство на Македонија. Од 1018 г. кога Самуиловата држава била завладана од Византија борбата на богомилите придобила наново карактер на ослободителна и класна борба. Особено богомилското движење станало опасно за византиската држава од крајот на XI век. Во овој период во Македонија дејствувал водачот на богомилското учење попот Василиј, кој заедно со многубројните следбеници довеле до тоа нивното учење да биде прифатено од населението не само во другите провинции, кои ги владеала Византија, туку и од тоа на Цариград. Во овој период, како дознаваме од писмата на охридскиот архиепископ Теофилакт, не само охриѓаните туку и „мнозина" други од другите краеви на Македонија, Албанија, Бугарија и други византиски области, го прифатиле еретичкото богомилско учење. Според вестите од Теофилакт водачот на богомилите попот Василиј поради силната агитација станал „епидемска болест", т. е. „општествено и државно зло".

Поради силните размери што го зело богомилското движење, византиската државна и црковна власт презела широки акции за да се искорени

ереста. Откако бил фатен попот Василија и мнозина од неговите блиски, следбеници-соработници, кои се викале апостоли, богомилското учење било изложено на јавна осуда но 1111 г. Меѓутоа и покрај употребата на сила богомилското движење не можело да биде искоренето. Иако богомилите биле лишени од свиоте водачи, бидејќи попот Василиј заедно со своите најблиски соработници бил изгорен на клада во Цариград, тие ја продолжиле уште поусилено својата класна и ослободителна борба.

Како резултат на тоа богомилството, кое до XII век било силно распространето во Македонија, во Бугарија, во Албанија, во малоазиските владенија на Византија, а и воопшто во Византија, неговата агитација продрела и нашла следбеници во Србија. И покрај репресалиите на српските владатели, богомилското движење во оваа земја продолжило да постои во тек на повеќе векови.

Освен во Србија од крајот на XII и почетокот на XIII век, богомилството проникнало и во босанската држава. Босанските еретици го добиле името „патарени" и како такви станале познати. Тука исто така учењето на патарените се распространувало во продолжение на неколку векови.

Во XIII век богомилското учење продрело и во подалечните европски земји: Франција и Италија. Тука богомилското учење проникнало и како резултат од проповедите од избеганите балкански богомили во тие земји. Следбениците на еретичките учења во Италија и Франција биле наречени, а и како такви станале познати , под името „катари", т. е. чисти. Во Јужна Франција биле наречени и „албигојци" по името на градот Алби. Социјално-религиозните учења на катарите и албигојците означувале прв масовен протест во Заапдна Европа насочен против господството на католичката црква.

Оттука, богомилството како социјално-религиозно движење одиграло не само значајна улога во средновековната историја на македонскиот народ, туку и во историјата на поголем број европски народи. Поради сето ова богомилското учење зазема видно место меѓу еретичките движења. кои се појавиле и распространувале во средните векови.